# Љубопитници во посета на Библиотеката

Објавено од Фатма Бајрам
Понеделник, 08 Октомври 2012 11:28 - Последно освежено Понеделник, 08 Октомври 2012 11:39



Дечиња од детската градинка „Коца Василева“ - Битола на ден 04.10.2012 година ја посетија Библиотеката.

Посетата беше искористена за запознавање на децата со работата на Библиотеката како културна установа, нејзините оддели и начинот на издавање на книгите. Исто така беа разгледани магацинот за чување на книги, детската библиотека, читалните. На децата им се прочитаа песнички, приказни. Додека на крајот на посетата децата ни изрецитираа песнички што ги учат во градинката.

Мили дечиња Ви благодариме за посетата и за денот што ни го разубавивте со Вашата насмевка и интерес